Дневни биптени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 29.01.2022

На 29.01.2022 во 00.10 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Б.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2022 во 02.45 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ц.(30) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена тврда материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2022 во 02.50 часот во с.Боговиње, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Р.(25) и Б.Ц.(28) двајцата од с.Дебреште, тетоварско, кои се превезувале со патничко возило „ауди а3", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Б.Ц., затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2022 во 02.40 часот во угостителски објект на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Ј.(44) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.01.2022 во 20.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода П.Ѓ.(22) и Ј.Р.(21), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2022 во 06.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Полициската станица Карпош ги лишиле од слобода Ф.Ј.(22) и Ш.О.(21), двајцата од с.Свиларе, скопско, затоа што кај нив биле пронајдени кафеава прашкаста материја и таблетки. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.01.2022 во 17.15 часот А.Ќ.(20) од Тетово пријавила дека во Тетово на ул.„Браќа Миладинови" била касната од куче скитник.

На (28/29.01.2022) во периодот од 22.00 до 03.00 часот на територијата на СВР Куманово спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што санкционирани се 16 возачи.

На 28.01.2022 во 06.20 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Кичево, кај влезот за аеродромот во Охрид, патничко возило „голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.К.(64) од Скопје, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 28/29.01.2022 година од 22.00 до 03.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид полициски службеници затекнале 7 возачи кои управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-3, Струга-1, Кичево-2, Дебар-1). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 28.01.2022 во 10:00 часот во Полициската станица Карпош, Д.Б.(41) од Дебар пријавил дека на ул.„Повќенска" бил каснат од куче скитник.

На 28/29.01.2022 во периодот од 23.00 до 04.00 часот од полициски службеници од СВР Тетово, во соработка со Државен пазарен инспекторат, била спроведена акциска контрола во која биле опфатени седум угостителски објекти, од кои три на тетовското и четири на гостиварското подрачје. Во еден од тетовските угостителски објекти на ул. „Борис Кидрич" биле приведени С.П.(31) од Р.Босна и Херцеговина, поради непријавен престој на подрачјето. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка.

На 28.01.2022 во 10.15 часот во Полициската станица Драчево, С.К.(83) од Скопје пријавил дека ул.„Скендер Бег Кастриот" бил каснат од куче скитник.

На 28.01.2022 во 19.20 часот било пријавено дека во нас.Колтук во Тетово, на ул. „Вукашин Симоски", настанал пожар во куќа сопственост на И.С.(50). Од пожарот биле зафатени и две соседни куќи, од кои едната во сопственост на истото лице, во која во моментот не живеел никој, а другата во сопственост на С.М.(60). Во пожарот И.С. се здобил со повреди, по што бил пренесен во Клиничкиот центар Тетово за укажување на лекарска помош. Од Територијалната противпожарна единица Тетово пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

Во текот на вчерашниот ден (28.01.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 164 возачи. Од нив, 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 88 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 76 надвор од населено место.

На 28.01.2022 во 13.00 часот на регионалниот пат Прилеп-с.Витопиште, на место викано „Брест", од полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Старавина бил лишен од слобода В.Ј.(50) од с.Штавица, прилепско, кој управувал патничко возило „југо скала 55", со приштински регистарски ознаки. При извршена проверка кај него била пронајдена и одземена ловна пушка „хулту" калибар 12мм, за која не поседувал дозвола. В.Ј. бил приведен и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на изминатата вечер (28/29.01.2022) во периодот од 22.00 до 03.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 138 лица возачи. Од нив, 30 на територијата на СВР Скопје, 24 на територијата на СВР Битола, 21 на територијата на СВР Тетово... При акциската контрола откриени се и 166 други видови прекршоци.

На 27.01.2022 околу 06.15 часот во с.Визбегово, од страна на полициски службеници од Единицата за внатрешни работи – Одделение за криминалистички работи Чаир и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, по обезбедена судска наредба, извршен бил претрес на дом и други простории кај А.А.(29) и кај Б.К.(30), поради постоење основи на сомнение дека сторите кривично дело „разбојништво". Имено, кривично дело *двајцата* го извршиле на 21.01.2022, при што со закана со нож и пиштол од таксист од Скопје одзеле пари и мобилен телефон. При претресите кај двете лица биле пронајдени предмети поврзани со кривичното дело. А.А. и Б.К. биле лишени од слобода, против нив е изготвен поднесок, а од страна на судија определена им била мерка притвор.

На 27.01.2022 во 12.40 часот било пријавено дека околу 11.30 часот на место викано „Дервен", на шумска парцела во атар на с.Умлена, пекчевско, при сеча на опожарена дабова маса со тешки телесни повреди се здобил Џ.М.(36) од с.Долно Јаболчиште. Тој бил пренесен во Медицинскиот центар во Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Берово.

На 29.01.2022 во 02.00 часот во Кавадарци од полициски службеници од Полициската станица Кавадарци бил лишен од слобода С.Ј.(32) од Кавадарци, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Велес поднесе кривична пријава против К.Р.(35) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 12.10.2021 во Велес во домот на *пријавеното*, полициски службеници при извршен претрес пронашле и одземале *хероин* и марихуана.

На 28.01.2022 во 07.40 часот во авто камп „Љубаништа" во с.Љубаништа, охридско, кај местото викано „Коше", од страна на полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор „Охридско Езеро", при Регионалниот центар за гранични работи Запад, лишени од слобода се Б.Ц., С.Н. и М.Ц., сите од с.Љубаништа, затекнати како вршат незаконит риболов во водите на Охридското Езеро. Притоа, кај нив биле пронајдени и одземени шест рибарски мрежи со вкупна должина од 360 метри со улов на риба и плоven објект. Во координација со *Јавен обвинител* од ОЈО Охрид против нив ќе биде поднесена кривична пријава по чл.229 од Кривичниот законик, за незаконит риболов.

На 28.12.2022 во 16.00 часот М.Ј.(61) од Куманово пријавил дека околу 14.00 часот на бензинска пумпа во Куманово, по претходни *недозабрувања*, бил физички нападнат од Т.Н. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.01.2022 во 22.15 часот било пријавено дека околу 21.00 часот во с.Сакулица, кратовско, на место викано „Градиште", настанал пожар во помошен објект, сопственост на правно лице. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кратово.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.Р.(35) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 20.01.2022 во домот на Т.Т. од страна на полициски службеници биле извршен претрес, при што биле пронајдени и одземени марихуана, амфетамини и марихуана помешана со тутун.

На 28.01.2022 СВР Скопје - Единица за недозволена трговија, поднесе кривична пријава до надлежното Основно јавно обвинителство – Скопје против Б.Ј.(44), поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". Имено, на 24.01.2022 од страна на полициски службеници од СВР Скопје - Одделение за криминалистички работи во содејство со полициски службеници од Полициската станица за аеродром, врз основа на судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, биле извршен претрес на дом и други простории кај Б.Ј. на подрачјето на Аеродром, при што биле пронајдени еден пиштол „Ceska Zbrojovka75" кал.9mm, две рамки и 12 куршуми, од кои 11 со кал. 9mm и еден куршум со кал.7,62x25мм за кои не поседувал дозвола. Приjавеното *биле лишен* од слобода, а против него е поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи поднесе кривична пријава против И.А.(39) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без посебна дозвола или лиценца". На 30.12.2021 на регионалниот пат Гостивар - Полошки, полициски службеници извршиле контрола на возило „форд транзит", кое било обележано како такси превозник, при што било констатирано дека не поседува соодветна документација-лиценца издадена од соодветна институција.

На 28.01.2022 во 17.40 часот Д.Ј.(54) од Куманово пријавила дека во Куманово, две лица со употреба на сила и одзеле торба во која имало пари, документи и мобилен телефон. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против Г.Ј.(47) од Виница, како и против правно лице од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 25.12.2021 во 22.50 часот, од полициски службеници од ОВР Виница било констатирано дека правното лице работи со повеќе од 50% исполнетост на капацитетот на објектот, спротивно на донесените мерки и протоколи за постапување за заштита на здравјето на населението од заразна болест Ковид–19.

На 28.01.2022 во 17.35 часот Л.Р.(50) од Тетово пријавил во авто перална во Тетово, по претходна вербална расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.01.2022 во 00.15 часот во Полициската станица Гази Баба, С.С.(31) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот брат С.С.(32). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.01.2022 во 10.05 часот на Граничен премин „Кафасан" на излез од државата, по претходно спроведени активности од страна на Одделението за прекугранични криминал Струга при Регионален центар за гранични работи Запад, извршена е контрола на патничко возило „мерцедес", со албански национални ознаки, управувано од А.Ç. (55), кадe како соводач бил А.М.(47). Притоа, во возилото биле пронајдени производи во вредност од околу 10.000 евра, без соодветна документација. Лицата и производите се предадени на царински службеници за понатамошна постапка согласно чл.263 од Царинскиот закон.

На 28.01.2022 во 16,57 часот Л.К.(54) од Скопје, пријавила дека во продавен објект на подрачјето на Аеродром малолетно лице со физичка сила одзело предмет од нејзината 17-годишна ќерка. Се работи на расчистување на случајот.

На 29.01.2022 во 00.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.Г.(45) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот татко Ѓ.Г.(68), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 28.01.2022 во 20.55 часот било пријавено дека на подрачјето на Чаир настанал пожар на патничко возило „рено клио", со скопски регистарски ознаки, чии таблички претходно биле пријавени за одземени од патничко возило „алфа" сопственост на Н.С. од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипи на Бригадата за противпожарна заштита. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.01.2022 во ОВР Струга пријавено е пукање од огнено оружје на улицата "Партизанска" во Струга. Не е пријавено повредено лице, а по наредба на Јавен обвинител извршен е увид при што се пронајдени чаури и пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2022 во 20.30 часот било пријавено дека во с.Визбегово, скопско, едно лице испукало со огнено оружје кон О.И.(36) од с.Визбегово, Н.Љ.(27) од Скопје, В.Н.(40) од Куманово и Е.Р.(20) од Скопје. Со повредци во пределот на нозете се здобил Е.Р., по што бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.01.2022 во 14.10 часот Ѓ.П.(81) од Велес пријавил дека околу 13.00 часот во Велес едно лице со употреба на физичка сила му одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет